О К Т А Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр. 01-4445/16
31.10.2016 год
Скопје 1

# ОКТА АД – СКОПЈЕ КОРПОРАТИВНА ПОЛИТИКА
# ЗДРАВЈЕ, БЕЗБЕДНОСТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

**ОКТА АД – Скопје** како водечка енергетска компанија преку своите активности дава приоритет на здравјето и безбедноста на вработените, деловните партнери и јавноста, како и на заштитата на животната средина.

**Нашата цел е безбедно, економски одржливо работење, во однос на животната средина и општеството и во согласност со принципите на одржлив развој.**

**Клучните столбови на нашата стратегија се**

- Усогласеност со **актуелното законодавство**, **меѓународните закони и најдобрите достапни техники.**
- Обука на нашата **работна сила** во делот на здравјето, безбедноста и животната средина.
- Имплементација на меѓународните **системи за управување со ЗБЖ** во сите наши активности и во целосна согласност со нашите **еколошки дозволи.**
- Соработка со надлежните институции во областите споменати погоре.

**Ние гарантираме за здравје и безбедност на работното место**

- Ги **идентификуваме** ризиците и работиме кон нивно елиминирање или максимално ограничување на последиците од истите.
- Ги **истражуваме** сите инциденти и избегнати инциденти и ги преземаме сите неопходни активности за нивно повторно случување.
- Ги **проучуваме** сите можни сценарија и последици на големи незгоди и преземаме соодветни мерки за превенција и ублажување на истите со цел да ги ограничиме последиците, во соработка со надлежните органи.

**Заштитата на животната средина е од примарна важност**

- Се справуваме со глобалниот **предизвик на климатските промени преку постојано подобрување на нашата енергетска ефикасност и енергетски перформанси во заштеди**; тргуваме со еколошки производи; управуваме со ресурсите на одржлив начин; ги намалуваме **емисиите**; го следиме и го подобруваме **квалитетот на воздухот и водата** и спроведуваме активности за зачувување на биолошката разновидност.

**Го препознаваме придонесот на нашите клиенти кон одржливиот развој**

- Ги поттикнуваме **нашите деловни партнери** да имплементираат практики за одржлив развој, да ги следат нивните перформанси и да ја проверуваат нивната усогласеност со актуелното законодавство.
- Ги задоволуваме потребите на нашите клиенти, обезбедуваме информации за квалитетот на нашите производи, рационална употреба и отстранување.
- Одржуваме **отворена комуникација со општеството**, преземаме доброволни иницијативи и имплементираме програми за корпоративна општествена одговорност (КОО) во земјата, со приоритет на областите каде што се спроведуваат нашите деловни активности.

**Наша посветеност: континуирано подобрување, развој и унапредување**

- Воспоставуваме **релевантни клучни индикатори за перформансите** (КИП); систематски ги оценуваме, целиме кон нивно постојано подобрување и нивна достапност за јавноста.

Оваа политика е **составен дел** на нашето работење и е обврзувачка за сите вработени во ОКТА. Таа е на располагање на јавноста и е предмет на периодични преиспитувања со цел постојано подобрување на безбедноста, здравјето и животната средина.

Рафинерија на нафта
О К Т А
Скопје
0
Акционерско друштво

**Иоаннис Героуланос**
**Главен извршен директор**